# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ / НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФАРМАЦЕВТСКА ТЕХНОЛОГИЈА СО ИНДУСТРИСКА ФАРМАЦИЈА И МИКРО/НАНОТЕХНОЛОГИЈА (3.05.02.12) - ЕДЕН ИЗВРШИТЕЛ НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП

Со Одлука бр.2002-213/5 донесена на 325. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 20.9.2024 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент/ насловен вонреден професор за наставно-научната област *фармацевтска технологија со индустриска фармација и микро/нанотехнологија (3.05.02.12)* – еден извршител на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Комисијата работеше во состав:

– д-р Катерина Горачинова, редовен професор за наставно-научната област фармацевтска технологија и биофармација, Фармацевтски факултет, Универзитет „Св.Кирил и Методиј" - Скопје, претседател;
– д-р Елена Дракалска-Серсемова, вонреден професор за наставно-научната област фармацевтска технологија и социјална фармација, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, член;
– д-р Марија Дарковска-Серафимовска, вонреден професор за наставно-научната област фармакологија, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат" и „Коха" на 7.9.2024 година и во предвидениот рок се пријавија двајца кандидати:

– д-р Билјана Несторовска-Ѓошевска, доктор на фармацевтски науки и специјалист по фармацевтска технологија;
– д-р Александар Алексовски, доктор на фармацевтски науки.

Кандидатката д-р Билјана Несторовска-Ѓошевска, врз основа на распишаниот Конкурс, ги достави следниве документи:

- Пријава;
- Диплома за завршен трет циклус студии/научен степен доктор на фармацевтски науки (еден примерок оригинал и три копии заверени кај нотар);
- Диплома за завршен Фармацевтски факултет (еден примерок оригинал и една копија заверена на нотар);
- Уверение за завршена специјализација по фармацевтска технологија -тригодишни специјалистички студии (еден примерок оригинал и една копија заверена на нотар);
- Уверение за положени испити на Фармацевтски факултет (еден примерок оригинал и една копија заверена на нотар);
- Уверение за положени испити од трет циклус студии - докторски студии (еден примерок оригинал и една копија);
- Потврда за познавање на англиски јазик за Б2 ниво (еден примерок оригинал и една копија заверена на нотар);
- Препорака од тројца професори, по еден примерок оригинал и копија заверена кај нотар;

- Уверение за државјанство – не постаро до 6 месеци (еден примерок оригинал и една копија заверена на нотар);
- Кратка биографија;
- Список на објавени научни и стручни трудови;
- По еден примерок од објавените трудови;
- Еден примерок од специјалистичкиот труд;
- Еден примерок од докторскиот труд.

Кандидатот д-р Александар Алексовски, врз основа на распишаниот Конкурс, не ги достави бараните документи, согласно со Конкурсот и документацијата како некомплетна не беше разгледувана од страна на Комисијата.

Врз основа на приложената документација од кандидатката д-р Билјана Несторовска-Ѓошевска, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

***Биографски податоци***

Д-р Билјана Несторовска-Ѓошевска е родена на 10.2.1971 г. во Скопје, каде што го завршила основното и средното образование. Дипломирала на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Македонија, во 1994 година, со среден успех 8,5, со што се стекнала со називот дипломиран фармацевт.

Специјалистичките студии по фармацевтска технологија ги завршила во 2006 со одбрана на специјалистичкиот труд со наслов *„Перорална дисперзибилна таблета, формулација и оптимизација со примена на response surface експериментален дизајн”* и се стекнала со звањето специјалист по фармацевтска технологија. Д-р Билјана Несторовска-Ѓошевска се запишала на трет циклус студии (докторски студии) од областа фармација во 2018 година и истите ги завршила во среден успех 9.88 во 2023 година. Истата година го одбранила и својот докторски труд со наслов *„Влијанието на интелектуалната сопственост на рекламирањето на лекови и козметички производи во Република Северна Македонија”*, со што се стекнала со звањето доктор на фармацевтски науки.

Д-р Билјана Несторовска-Ѓошевска во 1994 година се вработува како фармацевт во аптека „Фармација“, а од ноември 1997 година до денес работи во фармацевтската индустрија. Својот професионален ангажман во фармацевтската индустрија го започнува со работно место стручен истражувач во Сектор за развој на нови лекови во АД „Јака 80“ Радовиш, каде што продолжува да работи како самостоен стручен истражувач и раководител на Секторот за технолошки развој на нови лекови од 1998 до 2005 година. Во 2005 година го продолжува својот професионален ангажман како заменик-директор и одговорно лице на индустриското производство на лекови и козметички производи во истата компанија. Од 2007 година станува директор и одговорно лице за индустриско производство на АД „Јака 80“ Радовиш во Скопје и водител на тимот за трансфер на технологии. Од 2014-2023 година професионално е ангажирана на позиција директор и одговорно лице за производство на лекови во „Реплекфарм“ ДООЕЛ Скопје. Од април 2023 година е вработена како директор и одговорно лице за производство на канабис за медицинска примена во фармацевтската компанија НЈСК „Холдингс“, која е дел од интернационалната компанија „PHCANN“ со седиште во Амстердам, Холандија.

Има највисоки познавања од англиски јазик, одлично го познава балканските словенски јазици, а се служи со германски јазик.

Поседува високи познавања од компјутерски програми и вештини.

**Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање насловен доцент**

***Општи услови за избор во звање насловен доцент***

Кандидатката д-р Биљана Несторовска-Ѓошевска ги исполнува условите за избор во звањето насловен доцент од областа фармацевтска технологија со индустриска фармација и микро/нанотехнологија, односно:

- има завршено Фармацевтски факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје со просечен успех 8,5;
- кандидатката е доктор на фармацевтски науки со просечен успех 9,88 од третиот циклус студии;
- кандидатката има завршено тригодишна здравствена специјализација по фармацевтска технологија на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје;
- има потврда за познавање на најмалку еден странски јазик – англиски јазик;
- доставила уверение за државјанство, не постаро од 6 месеци;
- кандидатката има препораки од двајца редовни професори од областа за којашто конкурира за изборот;
- кандидатката има способност за изведување на високообразовна дејност;
- кандидатката има објавено (минимум четири) научни трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтна публикација во последните пет години:

| | Автор | Наслов на трудот | Списание | Година на излегување |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Biljana Nestorovska-Gjoshevska**, Marija Glavas-Dodov, Aleksandra Grozdanova, Zoran Sterjev, Katerina Ancevska-Netkovska | Intellectual property rights and misleading advertising of drugs and cosmetic products in Republic of North Macedonia | Knowledge International Journal, Vol. 55, No.6, 813-816 (2022): The Power of Knowledge, Online ISSN: 2545-4439 IF 2.5 | од 2009 |
| 2 | **Biljana Nestorovska-Gjoshevska**, Katerina Ancevska-Netkovska, Marija Glavas-Dodov | Intellectual property rights and advertising of cosmetic products in Republic of North Macedonia | Macedonian pharmaceutical bulletin, 68 (Suppl 1) 521 - 522 (2022) Online ISSN 1857 - 8969 | од 2001 |
| 3 | **Biljana Nestorovska Gjoshevska**, Katerina Ancevska Netkovska, Marija Glavas Dodov | Intellectual property rights and drug advertising in Republic of North Macedonia | Macedonian Pharmaceutical Bulletin, 66 (Suppl 1) 211 - 212 (2020) Online ISSN 1857 - 8969 | од 2001 |
| 4 | **Biljana Nestorovska-Gjoshevska**, Katerina Ancevska Netkovska, Marija Glavas- Dodov | Intellectual proprerty rights and advertising of cosmetic products | Arhiv za farmaciju, 68, No.3.2018, UDK 615 (497.11) Online ISSN 2217-8767 IF 0.102 | од 1951 |

***Посебни услови***

Д-р Билјана Несторовска-Ѓошевска е автор на научни трудови, печатени во научно-стручни списанија односно има значајни достигнувања на научноистражувачката дејност.

– Постигнувањата во научноистражувачката работа кандидатката ги манифестира во текот на специјалистичките и докторските студии, при изработката на специјалистичкиот труд и докторската дисертација, објавените и презентирани трудови.

– Кандидатката приложи две препораки од професори од соодветните области.

– Има повеќе од 5 години работно искуство по завршувањето на студиите по фармација.

– Не е во работен однос на Универзитетот и согласно со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип (Универзитетски гласник број 43, септември 2019 г.), член 10 став 2 и член 14 став 2, нема рецензирана скрипта и практикум.

– Кандидатката ги исполнува општите и посебните услови за избор.

**Научноистражувачка дејност**

Листа на научни трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор од областа (објавени трудови - од реден број 1 до реден број 4):

1. **Nestorovska-Gjoshevska B.**, Glavas-Dodov M, Grozdanova A, Sterjev Z, Ancevska-Netkovska K, Intellectual property rights and misleading advertising of drugs and cosmetic products in Republic of North Macedonia. Knowledge International Journal, Vol. 55, No.6, 813-816 (2022): The Power of Knowledge, Online ISSN: 2545-4439

**Евалуација на трудот:** Целта на трудот е да се истражи влијанието на интелектуалната сопственост на заведувачкото рекламирање на лековите и козметичките производи во Република Северна Македонија како глобален проблем кој во голема мера може да доведе до штета по здравјето и безбедноста на пациентите и потрошувачите. За оваа цел е направена сеопфатна анкета со која се евалуирани мислењата и реакциите на пациентите и потрошувачите. Врз основа на резултатите, авторката заклучува дека постои потреба од зголемување на свесноста за присутноста на појавата на заведувачкото рекламирање и едукација за можните реакции на пациентите и потрошувачите кога се соочени со заведувачко рекламирање. Авторката заклучува и дека постои потреба и од хармонизација на законската регулатива на интернационално ниво.

Трудот има стручно-апликативно значење.

2. **Biljana Nestorovska Gjoshevska**, Katerina Ancevska Netkovska, Marija Glavas Dodov. Intellectual property rights and advertising of cosmetic products in Republic of North Macedonia, Macedonian pharmaceutical bulletin, 68 (Suppl 1) 521 - 522 (2022) Online ISSN 1857 - 8969

**Евалуација на трудот:** Во научната студија е направена анализа на перцепцијата, мислењата и реакциите на потрошувачите на козметичките

производи за информирањето за изборот и користењето на козметичките производи. За оваа цел е спроведена анкета меѓу граѓаните на Република Северна Македонија. Резултатите укажуваат дека значајно голем број на потрошувачи за козметичките производи се информираат преку реклами во медиуми, голем број од потрошувачите не веруваат во вистинитоста на рекламите како информации кои директно влијаат на примената на козметичките производи, но сепак постои висок процент на анкетирани кои сметаат дека рекламите се најчесто или секогаш вистинити. Рекламирањето на козметичките производи е саморегулирано во однос на проверките пред објавување на рекламите од страна на компанијата која рекламира што остава простор за достава на двосмислени или заведувачки информации до потрошувачите. Авторката посочува дека во некои држави постојат посебни тела каде што се пријавуваат и истражуваат случаите на заведувачко рекламирање кои своите извештаи ги доставуваат до надлежните институции за постапување согласно со законската регулатива. Авторката заклучува дека постои потреба од хармонизација на регулативата на глобално ниво.

Трудот има стручно-апликативно значење.

3. **Biljana Nestorovska Gjoshevska**, Katerina Ancevska Netkovska, Marija Glavas Dodov. Intellectual property rights and advertising of drugs in Republic of North Macedonia. Macedonian Pharmaceutical Bulletin, 66 (Suppl 1) 211 - 212 (2020) Online ISSN 1857 – 8969

**Евалуација на трудот:** Рекламирањето на лековите може во голема мера да влијае на ефикасноста и безбедноста на терапијата. Во оваа насока заштитата на правата на интелектуалната сопственост им нуди на пациентите, но и на компаниите можност за сигурна достава на проверени податоци за користењето на нивниот лек. Во научната студија е спроведена анкета за да се направи анализа на перцепцијата, мислењата и реакциите на пациентите во Република Северна Македонија за влијанието на интелектуалната сопственост на рекламирањето на лекови. Направена е статистичка обработка на одговорите, при што се извлечени следниве заклучоци: на значително голем процент анкетирани не им е позната законската регулатива за рекламирање на лековите, најголемиот број анкетирани сметаат дека рекламите за лековите кои се издаваат без лекарски рецепт се контролирани од надлежните институции. Информациите за лекот кој се издава без лекарски рецепт анкетираните најчесто ги добиваат од стручни лица, по препорака на доктор или фармацевт, во аптека, но значителен е процентот на анкетирани кои информациите ги добиваат преку реклами во медиуми. Земајќи предвид дека согласно со најголемиот дел на одговори интернетот е медиум од кој во најголем процент се добиваат овие информации, авторката заклучува дека е неопходна хармонизација на регулативата за рекламирање на лековите на интернационално ниво, како и организирање на доедукации за пациентите и за здравствените работници за справување со појавата на заведувачко рекламирање како глобален проблем.

Трудот има научно и стручно-апликативно значење.

4. **Biljana Nestorovska Gjoshevska**, Katerina Ancevska Netkovska, Marija Glavas Dodov. Intellectual property rights and advertising of cosmetic products. Arhiv za farmaciju, 68, No.3.2018, UDK 615 (497.11) Online ISSN 2217-8767

**Евалуација на трудот:** Целта на трудот е да се истражи влијанието на интелектуалната сопственост на рекламирањето на козметички производи.

Направена е анализа на законската регулатива и можноста на доставување на невистинити информации за козметичките производи. Резултатите укажуваат дека постои јасна и прецизна законска регулатива, објавувањето на рекламите е саморегулирано од компаниите кои користејќи ги своите заштитени права на интелектуална сопственост треба да дистрибуираат внимателно одбрани информации, сепак достапни се многу често заведувачки реклами од познати брендирани компании чии реклами се предмет на бројни истражувања и законски санкции поради неусогласеност со регулативата каков тип податоци смеат да се доставаат до крајниот потрошувач. Правата на интелектуалната сопственост најчесто обезбедуваат сигурност кај потрошувачите, но постојат случаи на злоупотреба. Од огромна важност е усогласување на законската регулативна и јавно објавување на информации за постоење односно објавување на заведувачки реклами, со цел заштита на безбедноста на потрошувачите.

Трудот има стручно-апликативно значење.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Активно учество на конгреси, семинари и конференции во странство:

**5.** 39th Conference Knowledge in Practice, Bansko, Bulgaria, 2022;

**6.** ACHEMA - Leading world trade for process industry and pharmaceutical equipment - Frankfurt Germany, 2022;

**7.** CPHI, International pharmaceutical event and media brand- Frankfurt, Germany, 2022;

**8.** Dubai, Nutrition and Pharma International Trade, 2020;

**9.** 7th Serbian Congress of Pharmacy with International participation. Creating the future of pharmacy together, Belgrade, Serbia, 2018.

**Активно учество на конгреси, семинари и конференции во земјава:**

**10.** Семинар „Обврски од новиот Закон за заштита на потрошувачите за фармацевтската дејност", Центар за континуирана едукација, Фармацевтски факултет, УКИМ, Скопје, 2023;

**11.** Седми конгрес по фармација во Северна Македонија со меѓународно учество, Современи трендови во фармацијата. Можности и предизвици, Охрид, 2022.

**Сертификати за учество на обуки и работилници во земјава:**

| Институција | Датум од-до | Стекната диплома степен |
|---|---|---|
| Smart Events International | 5-6.12.2022, Скопје | Сертификат за успешно комплетирана специјализирана работилница Контролинг во производни компании/ Controlling in production companies |

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Кандидатката д-р Билјана Несторовска-Ѓошевска е член на Фармацевтска комора на РСМ и Македонско-фармацевтско друштво на РСМ. Кандидатката е специјалист по испитување и контрола на лекови и има повеќе од дваесет и петгодишно работно искуство во фармацевтска индустрија. Има комплетирано голем број на обуки, кои се наведени во нејзината биографија, заедно со останати сертификати доставени во прилог на документите. Активно учествувала во

пишувањето на процедурите и стандардните оперативни постапки кои се дел од фармацевтската технологија и производство на лекови, а согласно со важечките ЕУ директиви за добра производна пракса. Како дополнување на апликативната активност, целокупната научноистражувачка работа од докторска дисертација на кандидатката е тесно поврзана со секојдневното работење во фармацевтската индустрија, особено како еден битен фактор за ефикасноста на применетата терапија за лековите кои се произведуваат во фармацевтската индустрија.

Д-р Билјана Несторовска-Ѓошевска од 1997 година работела како стручен истражувач во развојната технолошка лабораторија во АД „Јака 80", Радовиш, во Секторот за развој и воведување на нови производи и континуирано поминува повеќе технички-стручни обуки во врска со пронаоѓање на нови фармацевтско-технолошки постапки за развој и производство на лекови, вклучувајќи и трансфер на технологија при производство на прва серија на лек од развој, трансфер на технологија од еден производен објект во друг на друга локација, а во моментот е директор на Секторот производство во „НЈСК холдингс". Во однос на организациско-развојна дејност, кандидатката ги реализира следниве активности:

12. Раководител на оддел Развој на готови лекови, АД „Јака 80", Радовиш;

13. Заменик-директор и одговорно лице за производство на лекови, АД „Јака 80", Радовиш;

14. Директор и одговорно лице за производство на лекови, АД „Јака 80", Радовиш;

15. Водител на тимот за трансфер на технологија, трансфер на лекови, цврсти фармацевтски дозирани форми, кој вклучува трансфер на знаење за производот и процесот помеѓу развојот, производството и производните објекти со цел реализација на производот. Согласно со ICH 10 водичот, како водител на тимот ја формира основата за производниот процес, стратегијата за контрола, пристапот за валидација на процесот и постојаното континуирано подобрување од АД „Јака 80", Радовиш, по договорно производство на производна локација и фармацевтска опрема во фабрика за лекови „Југоремедија" – Зрењанин;

16. Водител на тимот за трансфер на технологија, трансфер на лекови, цврсти, полуцврсти и течни фармацевтски дозирани форми, кој вклучува трансфер на знаење за производот и процесот помеѓу развојот, производството и производните објекти со цел реализација на производот. Согласно со ICH 10 водичот, како водител на тимот ја формира основата за производниот процес, стратегијата за контрола, пристапот за валидација на процесот и постојаното континуирано подобрување од АД „Јака 80", Радовиш, по договорно производство на производна локација и фармацевтска опрема во фабрика за лекови „ICN Фарм" – Скопје;

17. Проектна стратегија и акционен план за реконструкција на фабрика за лекови, согласно актуелните GMP норми во АД „Јака 80", Радовиш;

18. Проектна стратегија и акционен план за изградба на фабрика за лекови, согласно со актуелните GMP норми во АД „Јака 80", Радовиш;

19. Развој и поставување на стратегија при изведба на компаративни профили на растворливост на цврсти фармацевтски дозирани форми во АД „Јака 80", Радовиш;

20. Водител на тимот за производство за GMP инспектирање и управување со документација согласно со нормите на Добрата производна пракса (EU-GMP) во „Реплекфарм", АД Скопје;

21. Изработка на планови за производство на лекови и анализа за бизнис влијание и бизнис план за континуитет во производството на лекови во „Реплекфарм", АД Скопје.

**Научни и стручни проекти:**

22. Развој на формулација за производство на Bisoprolol филм-обложени таблети во АД „Јака 80", Радовиш [Project];
23. Експертски активности, Проектна стратегија и акционен план за изградба на фабрика за лекови согласно со актуелните GMP норми во АД „Јака 80", Радовиш [Project];
24. Развој, валидација и оптимизација на формулација за производство на Diazepam супозитории во АД „Јака 80", Радовиш [Project];
25. Развој, валидација и оптимизација на формулација со користење на експериментален дизајн за производство на Diazepam перорална дисперзибилна таблета во АД „Јака 80", Радовиш [Project];
26. Развој, валидација и оптимизација на формулација за производство на Tramadol капсули во АД „Јака 80", Радовиш [Project];
27. Експертски активности, Проектна стратегија и акционен план за реконструкција на фабрика за лекови согласно со актуелните GMP норми во АД „Јака 80", Радовиш [Project].

Го има остварено минималниот број на поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: 122 поени (НИ 64 + САОР 58).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Во согласност со Законот за високо образование, како и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип и според анализата на приложената документација, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката д-р Билјана Несторовска-Ѓошевска, доктор на фармацевтски науки, ги исполнува сите услови за избор во наставно-научно звање насловен доцент. Од презентираната и целокупната досегашна активност може да се заклучи дека кандидатката д-р Билјана Несторовска-Ѓошевска поседува извонредни квалитети и карактеристики за успешна реализација на образовна и научноистражувачка работа.

Со особена чест и задоволство, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки кандидатката д-р Билјана Несторовска-Ѓошевска да биде избрана во звање насловен доцент во наставно-научната област *фармацевтска технологија* со индустриска *фармација и микро/нанотехнологија* (3.05.02.12) на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Д-р Катерина Горачинова, редовен професор, претседател, с.р.
Д-р Елена Дракалска-Серсемова, вонреден професор, член, с.р.
Д-р Марија Дарковска-Серафимовска, вонреден професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание - прв автор (бр.1,2,3,4) | | | 4 | 9 | 36 |
| 2 | Учество на научен собир со реферат постер<br>Во земјава – бр.2, 3<br>Во странство – бр.1, 4 | 2 | 1 | 2 | 1,5 | 5 |
| 3 | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) – бр.22, 23, 24 | 3 | 2 | | | 6 |
| 4 | Одбранета докторска дисертација | 1 | 8 | | | 8 |
| 5 | Одбранета специјализација | 1 | 6 | | | 6 |
| 6 | Претседател на организациски или научен одбор на научен собир | 1 | 2 | | | 2 |
| 7 | Член на организациски или научен одбор на научен собир | 1 | 1 | | | 1 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **64** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **8** | Раководител на катедра/оддел/центар<br>Раководител на Сектор за развој на лекови | 1 | 3 | | | 3 |
| **9** | Раководител на катедра/оддел/центар<br>Раководител на Сектор за производство на лекови | 3 | 3 | | | 9 |
| 10 | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) - бр. 25, 26, 27 | 3 | 5 | | | 15 |
| 11 | Учество на стручен собир со реферат (постер/усно) - бр. 5, 9, 10, 11 | 2 | 0,5 | 2 | 1 | 3 |
| **12** | Техничко унапредување<br>(1 апликативен тренинг Smart Events International) | 1 | 2 | | | 2 |
| 13 | Елаборати и експертизи бр.15,16,17,18,19,20,21,22 ,23,24,25,26,27 | 13 | 2 | | | 26 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **58** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **122** |